**Одговор на Владата на Република Северна Македонија по Извештајот на Комитетот за борба против тортура, нехуман или деградирачки третман или казнување (КПТ) од неговата посета на Северна Македонија**
**од 2 до 12 октомври 2023**

**Установи под надлежност на Министерството за внатрешни работи**

Во однос на точките од Извештајот, а кои се однесуваат на постапувањето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди – ОВККИПС, во случаи кога се поднесени претставки за прекумерна употреба на средства за присилба од страна на полициски службеници, односно каде се посочува дека ОВККИПС при спроведување на проверките во секој конкретен случај треба да ги испитува извештаите за употреба на средства за присилба изработени од раководителите на полициските службеници кои примениле средства за присилба на посеопфатен начин и да бидат предмет на вистинска независна оценка на законитоста, неопходноста и пропорционалноста на употребата на сила; да се спречат синхронизирани и договорени изјави на полициските службеници и да се применуваат посебни истражни дејствија како што се наредување на судско-медицински прегледи на наводни жртви, примена на посебни истражни техники, проактивно наредување на форензички вештачења и истраги на местото на злосторството и вкрстено испитување на потенцијални сведоци и полициски службеници кои даваат синхронизирани и договорени изјави, известуваме за следното:

Надлежностите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како организациска единица за потребите на Министерството се утврдени со член 57, 58 и 59 од Законот за внатрешни работи (Сл. весник на РМ бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18, 108/19, 275/19, 110/21, 89/22) и член 8 од Законот за полиција (Сл. весник на РМ бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22, 148).

При извршување на работите од својата надлежност Одделот постапува согласно одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози (Сл. весник на РМ бр 87/08, 13/13, 156/15 и 193/15) и Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи бр. 13.1-36867/1 од 04.06.2007, 14.1-4463/1 од 28.01.2010, 13.1-22021/1 од 30.03.2015, и 13.1.1-61739/1 од 26.07.2018 година.

Земајќи ја предвид правната регулатива, внатрешната контрола претставува преземање на активности од страна на работниците на Одделот при постапување по примена претставка поднесена од граѓанин или друг субјект заради утврдување на наводите изнесени во неа и поднесување на предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, утврдување на материјална, професионална, прекршочна или кривична одговорност на вработените во министерството, како и контрола на почитување на професионалните стандарди, следење на усогласеноста на стандардите и процедурите за постапување на работниците согласно законските прописи и следење на квалитетот на работење.

При своето постапување, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди има отворен и неселективен пристап кон сите примени претставки против вработени во министерството. Секој случај е темелно испитан и секогаш кога е констатирано дека претставката е основана предметите се процесуирани, поднесени се соодветни пријави, односно поведени се постапки за утврдување на одговорност.

Работите од својата надлежност, одделот ги врши стручно, компетентно и согласно закон, почитувајќи ги при тоа угледот, честа, достоинството и приватноста на секој граѓанин и работник во министерството и полицијата.

Заради утврдување на вистинитоста на наводите изнесени во конкретна претставка, одделот без исклучок врши увид во податоци, информации, известувања и друга документација и службени материјали и бара писмени појаснувања за околностите значајни за конкретниот случај, па врз основа на комплетна анализа на фактите и доказите изготвува извештај за утврдената фактичка состојба, донесува заклучоци по однос на наводите изнесени во претставката и го известува подносителот на претставката.

Од горенаведеното произлегува дека одделот како внатрешен контролен механизам во работата на министерството и полицијата без исклучок постапува и ги испитува сите наводи во претставката, подеднакво ценејќи ги изјавите на граѓаните и полициските службеници кои ги обезбедува во текот на своето работење, без предрасуди, пристрасност или солидарен или заштитнички однос кон полициските службеници и врз основа на детална анализа на сите расположливи факти и докази кои ќе ги прибави при своето работење ја утврдува вистинитоста на наводите во претставката почитувајќи ја сета правна регулатива која го уредува начинот на постапување и надлежностите на одделот.

Во однос на наводите за обезбедување на видео надзор, во секој случај ОВККИПС обезбедува снимки од видео надзор по претходна обезбедена наредба од ОЈО.

Исто така, при постапувањето, секогаш се врши разговор со претпоставената жртва и со сведоците доколку ги има во случајот.

Согласно Законот за кривичната постапка, наредба за примена на посебни истражни мерки и форензички испитувања издава надлежен Јавен обвинител, односно ваквите мерки не може самостојно да ги презема ОВККИПС.

Исто така, ја поздравуваме препораката на КПТ за усвојување на заедничка Методологија за спроведување на истраги за наводи за тортура и малтретирање од страна на МВР, ОЈО за ГОКК и Народен правобранител.

Одделот ги санкционира сите утврдени незаконски, непрофесионални и неетички постапувања на вработените во Министерството, стеснувајќи го на тој начин просторот за нивно повторување и испраќа силна порака дека професионалниот интегритет на вработените не случајно е стратешка определба на Министерството за внатрешни работи.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, во врска со објавениот Извештај на КПТ, презеде дополнителни мерки и активности во правец на обезбедување на хумано и човечко постапување на полициските службеници во постапките за повикување, приведување, лишување од слобода и задржување на лица и доследно почитување на законската регулатива што ја уредува оваа проблематика, за што е изготвена Телеграма бр. 14.2.2-2/2 од 11.07.2024 г., и истата е дистрибуирана до надлежните организациски единици во Министерството за внатрешни работи. Телеграмата е упатена до Одделот за униформирана полиција, Одделот за криминалистичка полиција, Одделот за специјални полициски операции, Одделот за заштита на определени личности и објекти, Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, сите сектори за внатрешни работи и регионални центри за гранични работи.

Притоа, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како организациска единица во МВР надлежна за констатирање на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршењето на полициските работи, укажува на потребата од хумано и човечко постапување на полициските службеници при

постапување со повикани, приведени, лишени од слобода и задржани лица и за доследна примена на прописите кои ја регулираат оваа материја:

- Законот за кривичната постапка,
- Законот за полиција,
- Правилникот за начинот на вршење на полициските работи,
- Етичкиот кодекс за однесување на работниците во МВР,
- Кодексот на полициска етика,
- Стандардната оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење (приведени, лишени од слобода, задржани лица).

Притоа заради законито спроведување на полициските овластувања се посочува дека од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе се врши контрола и за секое констатирано непочитување ќе се преземаат соодветни мерки.

Во однос на делот на извештајот кој се однесува на препораките за обука на полициските службеници, во врска со истото е спроведена обука за обучувачи за 30 полициски службеници од Бирото за јавна безбедност, кои во соработка (логистичка поддршка) со советниците за континуирано стручно физичко оспособување при секторите за внатрешни работи (СВР) и регионалните центри за гранични работи (РЦ за ГР) ќе вршат континуирана обука на сите полициски службеници (униформирана и криминалистичка полиција) во Бирото за јавна безбедност при МВР во следните области:

1. Употреба на средства за присилба (теорија и пракса): физичка сила, полициска палка, средства за врзување;
2. Одбранбени техники: самоодбрана при напад со физичка сила и самоодбрана при напад со орудија и предмети;
3. Ракување со оружје (теорија и пракса): составни делови и тактичко-технички карактеристики, административно полнење и празнење, позиции и
4. Користење на заштитна опрема: заштитен шлем и заштитна маска.

Центарот за обука во координација со Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет (ЕСПСКК) изработи програма за обука за полициските службеници за прифат-сменоводители, со која се опфатени 3 модули и тоа:

- етичко однесување и почитување на човековите права при полициско постапување;
- лишување од слобода, приведување и употреба на средства за присилба и
- задржување на лице и спречување на несоодветно постапување.

Спроведени се три обуки за полициските службеници- сменоводители во СВР Скопје, а на обуката опфатена за дискусија беше и пресудата на Европскиот суд за човекови права за случајот Китановски.

Во продолжение се активности кои Министерството ги разгледува за надминување на општите констатирани состојби, за реализација во наредниот период:

Активност/резултат 1: До средината на 2025 година сите полициски службеници да ја поминат обуката за употреба на средства за прислиба (начела, принципи, тактики, техники).

Под-активности:

- ЕСПСКК ќе достави телеграма до сите СВР и РЦ за ГР за да се изработи план за спроведување на обуката,
- Обучените обучувачи во координација со советниците за континуирано стручно физичко оспособување при СВР и РЦ за ГР ќе ја спроведат обуката врз основа на претходно изработен план

Одговорни за спроведување:

- советниците за континуирано стручно физичко оспособување при СВР и РЦ за ГР и обучените обучувачи (30),

- ЕСПСКК и Одделот за униформирана полиција (ОУП) ќе го следат извршувањето на мерката.

Активност/резултат 2: До крајот на 2024 година, сите сменоводители да поминат дво-дневна обука за почитување на процедуралните права на лицата на кои по било кој основ им е ограничено правото на слобода на движење.

Под-активности:

- Изработка на план за спроведување на обуката, со дефинирани теми и агенда за работа со сменоводителите.

Одговорни за спроведување:

- ЕСПСКК и Одделот за униформирана полиција (ОУП) ќе го следат извршувањето на мерката, врз основа на претходно изработен план за спроведување одобрен од Директорот на БЈБ.

Во однос на делот на извештајот кој се однесува на препораките за периодични пораки за нулта толеранција од страна на менаџментот се планира и разгледува можноста за следната активност:

Активност/резултат: Секоја година во име на Директорот на БЈБ да се обновува инструктивна телеграма со наредба и укажување за забрана на било која форма на нечовечко понижување и постапување со лицата на кои им е ограничено правото на слобода на движење.

Одговорни за спроведување: за подготовка на телеграмата ОУП и ЕСПСКК.

Во однос на делот на извештајот кој се однесува на препораките во однос на правото на бранител, посочуваме на следната активност која Министерството ја анализира и разгледува за надминување на општите констатирани состојби, за реализација во наредниот период:

Активност: ЕСПСКК ќе изработи Предлог до Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси (ОЗРУЧР) за формирање на Работна група со членови од тој оддел, ОУП, Одделот за гранични работи и миграции (ОГРМ), Одделот за специјални полициски операции (ОСПО) и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС), со цел да се направи ревизија на постоечкиот записник за поука за правата и соодветно дефинирање на насоките и инструкциите кои се доставени до сите организациски единици на полицијата, а се однесуваат на воспоставување соодветно обезбедување на правото на бранител.

За наведеното би била одговорна работната група формирана со решение од Министерот за внатрешни работи.

Во однос на состојбите  во делот на правото на пристап до лекар, согласно процедурата за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење број 22.1-643/1 од 17.08.2018 година, изработена во консултација со експерт на Советот на Европа е дефинирано следното:

„Се констатира психофизичката состојба на задржаното лице (видливи повреди, знаци на болест, ментално растројство и сл.). Доколку задржаниот е повреден, полицискиот службеник за прифат-сменоводител наложува лекарски преглед и – со дозвола од страна на задржаното лице ќе се фотографираат повредите, кои ќе се приложат кон личното досие на  задржаното лице. Во случај на сериозни повреди или ако задржаниот се жали на болки или повреди, правото на укажување на медицинска помош е примарно и се презема пред преземањето на сите други дејствија.

**МОРА ДА СЕ ОДОБРАТ СИТЕ БАРАЊА ЗА ЛЕКАРСКА ПОМОШ И ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ НЕ СМЕАТ ДА ГИ ФИЛТРИРААТ ТАКВИТЕ БАРАЊА.**

Сите лекарски интервенции или прегледи ќе се вршат целосно почитувајќи ја лекарската доверливост и тајност. Полициските службеници никогаш не треба да бидат доволно блиску за да ја слушнат комуникацијата во текот на лекарската интервенција или преглед и треба да се наоѓаат во видното поле на задржаното лице само доколку лекарот експлицитно тоа го побара од полицискиот

службеник. Ова правило се применува на сите места каде може да се врши лекарска интервенција, т.е. болница, просторија за задржување во полициска станица итн.

Доколку полицискиот службеник за прифат врз основа на видливото однесување на лицето лишено од слобода констатира дека истиот е под дејство на алкохол, се прави алкотестирање на лицето и во зависност од неговата општа состојба, се обезбедува медицинска помош. Лекарска помош ќе се обезбеди за лицето и доколку лицето извести дека е под редовна терапија (метадон, инсулин или друг вид на терапија).“

Активност: Во однос на дискреционото одлучување за правото на лекар, истото прашање ќе биде разработено на обуките со конкретни примери и насоки за постапување согласно процедурата.

Во врска со интервјуто со лица на кои по било кој основ им е ограничено правото на слободата на движење, информираме дека е изработен Кодекс за водење разговор со граѓани заради прибирање известување бр. 22.6-78377/1 од 11.07.2023 година. За референтни документи при изработката на Кодексот, земени се во предвид меѓународните стандарди, документи на Советот на Европа, пред сè Водичот за практичари за водење на интервју (во оригинал „A brief introduction to investigative interviewing: A practitioner’s guide”) како и 28–от Општ извештај на КПТ. Со Кодексот се пропишуваат етичките стандарди и правила на однесување на полициските службеници во извршувањето на работните задачи при водење разговор со граѓани заради прибирање известувања. Во член 4 од Кодексот се потврдува определбата за забрана од дискриминација и од нанесување, поттикнување или толерирање на било каков акт на тортура или друго сурово, нечовечко постапување или понижување.

Кодексот е доставен до сите организациски единици на полицијата со задолжение со одредбите од истиот да се запознаат сите полициски службеници (униформирана и криминалистичка полиција).

Од аспект на Бирото за јавна безбедност, контролата и стручните надзори од страна на ОУП и ЕСПСКК и понатаму остануваат основни начини за континуирано следење на состојбата во постапувањето со лицата на кои им е ограничено правото на слобода на движење со насоки за подобрување на состојбата и укажувања. Во случај пак на констатирани повреди во постапката кои индицираат на злоупотреби, понижувачко однесување или малтретирање ќе се извести и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Во однос на делот на извештајот кој посочува на неколку објекти – полициски станици каде се детектирани лоши услови за задржување лица, меѓу кои Единицата за внатрешни работи Чаир (ЕВР Чаир), Секторот за внатрешни работи Велес (СВР Велес) и Одделението за внатрешни работи Кичево (ОВР Кичево), при што поконкретно се наведува дека условите за задржување на лица во ЕВР Чаир се во сериозно лоша состојба, како и во СВР Велес, додека во ОВР Кичево постојат несоодветни услови за задржување на лицата би сакале да информираме за следното:

Во однос на делот кој се однесува на материјално-техничките услови, од аспект на МВР, посочуваме дека ПС Чаир/ПС Бутел е една полициска станица. Полициската станица е именувана како ПС Чаир, а покрива подрачје на општина Бутел. Во Полициската станица од општа надлежност -ПСОН Чаир не се задржуваат лица и истата согласно Решението кое го носи Министерот за внатрешни работи не е определена како ПСОН во која се врши задржување на лице. Воедно информираме дека ПС Чаир е ставена како приоритет за изградба на нов објект.

Во однос на ЕВР Чаир, објектот се наоѓа во многу лоша состојба гледано од градежен аспект како целина и многу лесно визуелно може да се забележи дека материјалите кои се вградени во истиот датираат од повеќе декади station наназад, со што реконструкцијата на истиот не се зема во предвид и се планира изградба на комплетно нов капацитет, кој ќе биде изграден согласно новите меѓународни прифатени

стандарди за безбедност и енергетска ефикасност, како и габарит на истиот, кој ќе ги задоволи потребите на граѓаните согласно регионалниот опфат за оператива.

Во моментот се врши скенирање на просторот кој би бил соодветен за изградба на објект.

Во однос на СВР Велес (ПСОН Велес), за отстранување на констатираните забелешки на просториите за задржување во СВР Велес (ПСОН Велес), објектот е реновиран, додека во однос на просториите за задржување, планирано е адаптирање на нови простории на задниот влез на објектот, со цел пренамена на просторот за обезбедување на нови простории согласно Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат просториите за задржување на лица во полициските станици од општа надлежност во секторите за внатрешни работи при Бирото за јавна безбедност.

Со оглед на тоа што во непосредна близина на СВР Велес (ПСОН Велес), функционираат повеќе државни правни субјекти, се врши проверка на корисничкото право каде што се планираат новите простории за задржување на лица, по што би се пристапило кон реализација.

Во однос на ОВР Кичево, за посочените простории за задржување на лица, не е планирана изградба на нов центар за притвор туку се реновирани просториите за задржување на лица уште во 2018 година. За истите, на 31.01.2024 година извршена е проверка на фактичката состојба на истите на лице место, за што е изготвен записник, кој е потпишан од сите вклучени лица кои биле присутни, меѓу кои и претставник од страна на ОВР Кичево. Просториите на ПСОН Кичево за краток период ќе бидат пуштени во употреба (сеуште не е воспоставен системот за надзор врз лицата односно системот за затоплување).

Од страна на МВР со решение на министерот, формирана е работна група која има за цел, утврдување на локациите (полициските станици) кои имаат потреба од инсталација на нови домофони, кои ќе служат за комуникација помеѓу задржаното лице и полицискиот службеник и истата во моментот постапува согласно намената.

Исто така, за сите неопходни поправки или санации на објектите кои се под надлежност на секторите за внатрешни работи и регионалните центри, со Известување бр. 17.1-107432/1 од 09.10.2023 година изготвено од Одделот за финансиски прашања при МВР, погоре наведените организациски единици располагаат со сопствен буџет, кој им е доделен од страна на МВР и со истиот е потребно да менаџираат во рамките на објектите со кои располагаат, меѓу кое и отстранување на настанатите дефекти во просториите за задржување.

Министерството за внатрешни работи во оваа прилика, уште еднаш, ги потврдува: посветеноста кон европските вредности, владеењето на правото и заштитата на човековите права; уверувањето и констатацијата дека КПТ се смета за важен партнер; како и својата искрена заложба за вложување максимални напори за спроведување на препораките на Комитетот и унапредување на дијалогот со Комитетот, засновано на меѓусебна доверба и разбирање.

**<u>Установи под надлежност на Министерството за правда / Управа за извршување на санкции</u>**

**Точки 43 -47 Материјални услови во установите (КПД Идризово)**

Заради подобрување на условите во казнено-поправните установи (КПУ) и обезбедување на поефикасно извршување на санкциите во согласност со европските стандарди, и во текот на 2023 година Управата за извршување на санкциите (УИС) продолжи со активности на реализација на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија", кој се реализира со заем од Банката за развој на Советот на Европа од 46 милиони евра и со буџетски средства на Република Северна Македонија, како и со поддршка на Европската комисија.

Во текот на 2023 година, беше побарано од Банката за развој при Совет на Европа продолжување на рокот за реализација до 2027 година, а беше добиено условено продолжување до 30.06.2025 година.

На крај на март 2024 година завршено е санирање на дефекти во Полуотворено и Отворено одделение во износ 2.454.550,00 согласно препраките на ЦЕБ кој беше предуслов за продолжување на проектот.

Во насока на продолжување на Проектот втора фаза новото раководство на Управата за извршување на санкциите, поточно директоротот и Проектнта единица во средина на јули 2024 година одржаа состанок со Министерот за транспорт и врски за продолжување/аплицирање за ново одобрение за градба за објектите од Сегмент II Фаза 1 во КПД Идризово, а претходно беше одржан и состанок со новиот Министерот за правда со цел запознавање на состојбата со Проектот реконструкција на КПУ.

**Во текот на септември 2024 година ќе следат активности за продолжување на Одобрение за градба од 15.09.2024 година, односно аплицирање во Министерство за транспорт и врски за ново одобрение за градба за објектите од Сегмент II Фаза 1 во КПД Идризово**.

Во текот на јануари 2025 година предвидено е распишување на јавна набавка за изградба на објектите од Сегмент II Фаза 1 во КПД Идризово, вредност околу 41 милиони евра од кои 25 милиони евра се заем од Банка за развој при Советот на Европа, а преостанатиот дел е учество на Влада на РСМ. Реализирање на јавна набавка и започнување со градба е предвидена со временска рамка: 2025-2030

**Во почетокот на септември 2024 година на нивно барање Управата за извршување на санкциите ќе достави Акциски план за надминување на забелешките од Банката за развој на Совет на Европа како предуслов за продложување на проектот кои се однесуваат на неколку точки од пенираерцијарниот систем со конкретни чекори, временска рамка и статус.**

Во насока на почитување на **Препораката бр.R (99) 22, (2010)1,** УИС како друга активност во насока на намалување на пренатрупаноста во КПУ и ВПУ и заштеда на финасиски средства е спроведување на анализа за осудените лица кои исполнуваат условите за добивање на условен отпуст, согласно Закон за пробација, Потточно дополнително утврдување колку осудени лица можат да бидат под пробациска мерка (условно отпуштени осудени лица од издржување на казната затвор, надзор на осудени лица на условна осуда со заштитен надзор и за надзор над извршувањето на општокорисна работа пробација) .Ова ќе овозможи простор за решавање на долготрајниот проблем со пренатрупаноста во казнено-поправните установи и за унапредување на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на осудените лица и намалување на финсиски средства за установите.

Во ноември и декември 2023 година со поддршка на ЕУ проектот ,,Поддршка на ЕУ за владеење на правото" се одржаа 4 тркалезни маси на тема ,,Поголема примена на алтернативните мерки" во четирите апелациони подрачја Скопје, Штип, Гостивар и Битола, со цел унапредување и промоција на пробациската служба, на кои учествуваа судии, јавни обвинители и сите 28 пробациски службеници.

Во однос на **Препораката бр.R (2014) 4 за електронски надзор** ,Управата во текот на ноември 2023 година, со договор за дело повторно ангажираше стручно лице за да изврши проценка на вредноста на набавката во овој момент и да ги изработи техничките спецификации за набавката. Од страна на ангажираното лице со писмен допис Управата е известена дека за одржување, односно за да се стави во функција постоечкиот систем, бидејќи се работи за застарено ниво на информатичка опрема(увезена во државата во 2015 година) и е потребно е да се заменат дел од старите компоненти на постојаниот систем, потребно е да се направи надградба на уредите за мониторинг, надградба на лиценци и надградба на софтверот за да се отпочне и да проработи со излезниот систем за следење. Проценета вредност за да се набави лиценца (CMS Central Monitoring System third party лиценци и Offender Menagement System) со важност за една година изнесува 6.723.404,00 денари со ДДВ. Проценетата вредност за одржување на

системот(за хардвер и софтвер) за една година изнесува 2.194.800,00 со ДДВ. За надградба на уредите за мониторинг(Upgrade Dual Comms Curfew RF Monitoring System) која вклучува замена на батерии, надградба на firmware и замена на SIM картичка која ќе ја обезбеди УИС, Upgrade TRXS 860 transmitters for the E4 solution 5 locks, 5 loops and 2 trap sets по еден комплет уред за мониторинг изнесува 13.168,80 денари со ДДВ односно 1.316.880 денари со ДДВ за 100 комплети уреди за мониторинг, и проценета вредност за мобилна апликација на андроид мобилен уред за најмногу 10 пробациски службеници изнесува 329.220,00 денари со ДДВ. Вкупната проценета вредност за целата набавка изнесува 10.564.304 денари со ДДВ.

Моментално обезбедените финансиски средства во буџетот на Управата за оваа намена (програма 20, расходна ставка 424) изнесуваат 9.000.000 денари. Притоа, недостасуваат 1.564.304 денари за да може да се обезбеди оперативност на системот за електронски надзор ( да се надоградат сервери, 100 комплети алки од вкупно 400 како и најмалку 10 мобилни апликации).

Со оглед на тоа дека до сега нема изречени пробациски предмети со електронски надзор, Управата за извршување на санкциите смета дека за првата година ќе биде доволно да се надогради системот и да се надоградат 100 комплети уреди за мониторинг од вкупно 400. Проценката за потребите во иднина колку алки на годишно ниво би се ставале во функција во следните години ќе се прави врз основа на потребите и динамиката на изречени правосилни судски пресуди или решенија од страна на судот.

На 19.07.2024 година доставена е Информација до Владата по однос на активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за електронски надзор, при што се чекаат мислења од релевантни институции за да се превземаат активности за ставање во функција на 100 алки по одобрени МФ и Биро за јавни набавки за спроведување на јавна набавка

Во четвртиот квартал на 2024 година предвидено е формирање на работна група која ќе биде задолжена за подготовка на предлог закон за измени и дополнувања на Законот за пробација во насока на усогласување со Закон за кривична постапка, Кривичниот закон и Законот за извршување на санкциите Заклучно со 01.08.2024 има вкупно 501 новопримени пробациски предмети.

Во Затвор Куманово од страна на Советот на Европа во декември 2023 година во рамките на Проектот "Јакнење на капацитетите на пенитерцијарниот систем во Северна Македонија опремено е детското катче наменето за децата на осудените и притворените лица. Исто така беше донирана и ставена во употреба и фурна за леб.

Со Буџетот за 2023 година во делот за капитални инвестиции не беа одобрени доволно финансиски средства и поради неопходната потреба од дополнителни капитални инвестиции се побара пренамена на финансиски средства за да се дообезбедат дополнителни финанасиски средства за капитални инвестиции.

Во однос на 2024 година со Програма за капитални инвестиции усвоена во март 2024 година беа обезбедени вкупно 163.144.000,00 денари за капитални инвестиици.

Во КПД Прилеп_монитирани се елементи, делови од конструкција, изработени од профил за железо за -кровен панел и други материјали за изградба на работилница

ПВЦ врати и прозори за помошен објект во хала (објект на работилница)

-ИТ опрема

-клима уред

-против пожарна опрема

-акомулаторска дупчалка и косилка

-опрема за греење

-машина за мелење на месо

Во сите КПУ, Амбасадата на САД донираше скенер за отпечаток на прст и дигитален фотоапарат.

**Точки 48-54 (несоодветно постапување)**

Во однос на несоодветно постапување од страна на Управата за извршување на санкциите во изминатиот период постојано се давани укажувања при вонредни и редовни надзори за професионално однесување на припадници на затворската полиција. Таквите случаии се значително намалени за разлика од претходните години. Во КПУ КПД Идризово има многу малку случаеви на насилство од страна на припадници на затворска полиција и во некои случаии каде имало во соодветна законска постапка пред надлежен суд против припадниците на затворска полиција е изречена пресуда .

Насилството и малтретирањето на осудени лица во КПУ КПД Идризово најчесто се случува помеѓу самите осудени лица, претежно заради пренатрупаноста нетрпеливост, преголема доза на агресивност кај некои осудени лица и поради оформување на поголеми криминални групи на осудени лица кои делуваат и го нарушуваат редот и мирот во установата. Но во последно време честа е појавата и на напади и закани врз службени лица, како физички напади, навреди, закани по животот и здравјето на службените лица и нивните фамилии, оштетувања на имотот на службените лица (пр.запалени коли на вработени лица и на директорот на КПУ Идризово) и сл.

Од страна на КПУ КПД Идризово се преземени сите службени дејствија и активности за откривање и спречуваање на насилство и малтретирање врз осудени лица, како и врз вработените лица во КПУ Идризово. Поради истата причина најчесто се поведуваат дисциплински постапки против осудените лица за нарушување на куќниот ред како и против припадниците на затворската полиција заради нарушување на безбедноста.

Во голем дел случаии каде е утврдена одговорност на припадник на затворската полиција во КПД Идризово поведена е дисциплинска постапка против припадници на затворска полиција и истите се дисциплиски казнети**.**

Имено во текот на 2024 година во КПД Идризово се спроведени вкупно 58 дисциплински постапки против припадници на затворската полициија за несовесно вршење на работни задачи и тоа за дисциплински неуредност се вкупно 29 од кои: 25 се за дисциплинска повреди непристојно однесување, загрозувајќи безбедноста на работната позиција.

-еден припадник на затворска полиција е за дисциплинска повреда непојавување на работно место;

- двајца припадници на затворска полиција се за пуштање осудено лице во одделение што не престојувало;

(Сите припадници на затворската полиција се казнети со парична казна)

–еден припадник на затворска полиција за дисциплински престап поради повторување на дисциплинска неуредност повеќе од три пати во текот на годината и истиот добил отказ.

Дополнително на 15.04.2024 година спроведена е полициска акција во КПД Идризово од страна на Основен кривичен суд Скопје од судија за претходна постапка, при што на 5 лица припадници на затворска полиција изречена им е мерка притвор, а на 10 припадници на затворска полиција изречена им е мерка на претпазливост. Сите 17 припадници на затворска полиција се суспендирани од работно место до завршување на постапката поради сторено кривично дело ослободување на лице лишено од слобода, а 10 од нив се казнети и со парична казна, а 2 двајца припадници на затворска полиција сториле дисциплински престап за непристојно однесување во извршување на работните задачи.

Во однос на 28 Октомври 2023 година од страна на МВР по наредба на истражен судија на ОС СКОПЈЕ 1 е извршен претрес во полуотвореното одделение во КПУ Идризово, при што припадниците на МВР користеле средства и методи за ограничување, поради активен отпор на осудени лица. Во однос на овој

настан на 31 октомври 2023 година,УИС изврши вонреден надзор и согласно своите надлежности утврди дека припадниците на затворската полиција не учествувале во полициската акција и немаат превземено никакви активности.

Во однос на поплаките на осудените лица кои биле предмет на акцијата службените лица од Управата извршија разговор со неколку осудени лица кои биле инволвирани во акцијата и утврдија дека истите немаат видливи повреди на лице и тело на денот на надзорот, додека во делот на дејствувањето на полициските службеници Управата нема надлежност да утврдува дали акцијата била спроведена согласно утврдената процедура.

Понатаму при увид во службената документација, доставена од КПД Идризово може да се констатира дека по настанот била повикана Брзата помош, при што биле прегледани вкупно 22 осудени лица, а 11 осудени лица дополнително биле пренесени во Клиничкиот центар и Болницата 8-ми Септември во Скопје.

Службените лица од УИС, констатираа дека службените лица од КПД Идризово и здравствените работници ангажирани во установата за конкретниот настан со полициската акција спроведена во КПД Идризово и потребата од укажување на здравствена заштита на осудените лица кои биле инволвирани во настанот, постапиле согласно СОП за здравствена заштита во КПУи ВПУ. Поточно, сите осудени лица кои биле директно инволвирани во полициската акција на 28.10.2023 година биле спроведени на специјалистички прегледи надвор од установата, а за дел од нив во неколку наврати била повикувана и итна медицинска помош. Исто така се утврди дека ниту едно осудено лице не било задржано на болничко лекување поради влошена здравствена состојба или поради скршеници.

Секогаш кога УИС има сознанија дека одредени осудени лица имаат проблеми или закани од други лица во координација со директорот на КПД Идризово се поднесуваат предлози за нивно преместување во друга установа. Во текот на 2024 година преместени се вкупно 50 осудени лица од КПД Идризово во друга установа поради безбедносни причини.

Имено, по именување на нов директор на УИС поточно од 3 јули 2024 година од безбедносни причини преместени се околу 20 осудени лица, а побарано е спроведување на дисциплински постапки против припадници на затворска полиција кои овозможиле нарушуваање на безбедноста на осудените лица во т.н одделение амбуланта.

Дополнително со писмена наредба од директор на УИС побарано е спроведување на дисциплински постапки за осудените лица како и нивно преместување во други одделенија или установи.

Исто така во Програмата за обука на затворски персонал предвидена е како почетна обука да има Модул за обука на припадници на затворска полиција за употреба на средства за присилба , Кодекс на однесување на затворски персонал, а со подршка на амбасада на САД во текот на 2024 година поточно на 11,12 јуни и 13.06.2024 година во Гевгелија одржани се Задолжителни континуирани обуки за Манипулација на вработени лица од страна на осудени лица и професионализам со која беа опфатени вкупно 35 вработени лица од КПУ Затвор Гевгелија и КПУ Затвор Струмица.

Потоа на 18,19 и 20.06.2024 година одржани се Задолжителни континуирани обуки за Манипулација на вработени лица од страна на осудени лица и професионализам со која беа опфатени вкупно 40 вработени лица од КПУ Затвор Охрид и КПД Струга.

Вакви континуирани обуки ќе продолжат и од септември 2024 година во сите останати установи и истите се држат од страна на обучувачи од редот на затворскиот персонал кој претходно на 18-19.03.2024 година во Центарот за тренинг и едукација во КПД Идризово помина две еднодневни обуки на тема Манипулација на вработени лица од страна на осудени лица. Обуката ја помина вкупно 31 вработени лица (припадници на затворската полиција и службени лица од ресоцијализација)

Во однос на пријавување на случаии на несодветно постапување од големо значење се здравствените работници во КПУ и ВПУ, а особено при Употреба на средства за присилба –физичка сила врз осудените лица од страна на припадници на затворска полиција, согласно СОП за употреба на средства за присилба каде имаат обврска да нотираат во истиот дали кај осудените лица при употреба на средства за присилба осудento лице е прегледано и дали има телесна повреда. Исто така согласно СОП за евиденција и пријавување на знаци на насилство во текот на престој на осудеи лица во КПУ и ВПУ, здравствените работници имаат обврска да го известат директорот на установата за секоја повреда констатирана при преглед на осуденото лице.

**Точки 54-61 (Материјални услови )**

Во КПД Идризово по забелешка на Банката за развој на Совет на Европа во март 2024 година санирани се штети во полуотворено и отворено одделение во установата.

Понатаму во насока на подобрување на условите во КПД Идризово во координација и одобрение на Директорот на Управата, а врз основа на обезбедена донација со цел подобрување на условите во установата и намалување на пренатрупаноста на т.н.одд амбуланта и приемно одделение во август 2024 година се реновираше 5-то крило во КПД Идризово за престој на 100 осудени лица ;

Со цел растеретување на т.н одделение амбуланта се планира на почеток на септември 2024 година да се одржи координативен состанок помеѓу директорот на УИС и КПД Идризово за изготвување на План за со конкретни чекори за намалување на пренатрупаноста во КПД Идризово во затворениот дел на установата преку разместување на осудени лица по други одделенија согласно нивната третманска група и висина на казна затвор како и преместување во други установите.

Во врска со бараните податоци за бројот на осудени лица во секое од крилата за сместување во КПД Идризово табеларно ви ја доставуваме бројната состојба за ден 30 август 2024 година на осудени лица по крила и тоа :

Затворено одд. 427
Амбулантно одд. 211
Прием
но одд. 06
Отворено одд. 110
Отворено одд.Б2 69

Полуотворено одд. 179
Женско одделение 72
Приземје -1 23
Приземје - 2 13
Прво крило/1 06
Самица /1 (престојуваат осудени лица од Диво насење) 06
Отворено одд. Велес 38
Вкупно 1160

Во однос на **храна** во КПД Идризово, истата е значително подобрена и за истата се спроведува Јавна набавка во износ од 60 милиони денари и се набавува значително подобра храна согласно Правилникот за норматив на храна.

Во КПД Прилеп превземени се следниве активности за подобрување на условите согласно можностите на установата и финасиските средства со кои располага установата. Имено установата обезбедува прифатливи услови за осудените лица кои издржуваат казна затвор. Конкретно, 14 ќелии во главниот објект, каде што осудените лица издржуваат казна затвор се опремени со кревети на спрат, маси, столици, шкафчиња и полици кои се во добра состојба и се одржуваат со поправка од самите осудени вработени во машинската работилница и се одржува општа хигиена.

Подобрени се условите со неопходни поправки и поправени се санитарните јазли во приемното одделение и во затвореното одделение преку нивна реконструкција, а кај приемното одделение изградено е и шеталиште за осудените лица кои се сместени во истото за полесно и похумано издржување казна затвор и можност за престој на свеж воздух согласно законот во траење на 2 часа.

Исто така вложени се напори за подобрување на материјалните услови во КПД Прилеп преку обезбедување на хигиенски пакети, средства за чистење, собирање ѓубре, обезбедување на нови душеци и постелнина, и програма што се спроведува во повеќе етапи во поглед на дезинсекција со користење на најнапредните технологии преку дефинирани тендерски набавки.

Оброците што им се даваат на осудените одговараат на минималните законски норми предвидени во националното законодавство (член 161 од ЗИС) и барањата за исхрана на осудениците со специфични потреби соодветно се почитуваат;

Воспоставен е систем за надзор на квалитетот и квантитетот на храната што им се обезбедува на осудените лица ;

Кујните се проверуваат, со фокус на хигиенските стандарди, покрај тоа, реновирана е кујната со нов шпорет и нови садови.

Во однос на Затвор Скопје по однос на реновирањето во преостанатите крила во установата, за таа намена до крајот на годината не се предвидени финансиски средства но, Затвор Скопје со сопствени напори и со работно ангажирање на осудените лица надвор од установата , се залага да ги подобри условите колку што е во можност. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите простории се врши два пати годишно, а доколку е потребно и почесто.

Хигиенски пакети, без исклучок се даваат на сите притворени и осудени лица, кои за тоа имаат потреба, со посебен акцент на женските притворени лица, со тоа што пакетите се адаптирани на нивните потреби. На истите им е овозможено два пати во неделата да се туширaат, а по потреба и почесто. Нагласуваме дека секој ден, без исклучок во просториите кај што престојуваат, им се доставува топла вода**.**

Амбасадата на САД донираше скенер за отпечаток на прст и дигитален фотоапарат во сите КПУ и ВПУ.

Во КПД Прилеп направена е библиотека, теретана, детско катче, нова браварска хала за работа на осудени лица од затворен третман, се чекаат уште машините и компјутерите да се доставaт од финансиерот (ЦГИ)

Двајца од осудените лица го заокружуваат своето образовно ниво (високо и средно) како вонредни студент/ученик.

Обезбедена е поголема територија за спортски активности во КПД Прилеп и во преговори с во континуиотет со Театар „Војдан Чернодрински“ од Прилеп, проширена е теретаната и дополнителни спортски реквизити во приемното одделение на установата.

Установата има своја земјоделска површина каде се одгледуваат земјоделските производи наменети за исхрана на осудените лица и свој сопствен добиток .Во насока на успешна ресоцијализација и реинтеграција КПД Прилеп , поточно двајца службени лица од сектор за ресоцијализација учестваа во Регионалниот проект на Совет на Европа за радикализација каде успешно беше претставена слика за едно

радикализирано лице како доброволно учествуваше  во СОП за постпенална помош и реинтеграција во општеството соработувајќи со локалниот тим во општината каде излезе по завршување на казна затвор. Вакви случаеви имаше и во КПД Штип , КПД Идризово и Затвор Куманово кои во текот на 2024 година доброволно учествуваа во СОП за постпенална помош на радикализирани лица. Во тек е подготовка на Програма за подготовка на отпуст на радикализирани лица со Совет на Европа .
Изготвен е СОП за постпенална помош на осудени лица со подршка на Советот на Европа и се очекува истиот до крај на 2024 година да се пилотира во некоја КПУ.

Во Затвор Скопје се прават напори осудените лица од затворено одделение да се ангажираат работно при што  и во текот на август 2024 година  две осудени лица се ангажирани во затворската кујна, а три осудени лица се ангажирани за одржување на хигиена во притворските простории. Додека околу 40 осудени лица се работно ангажирани надвор од установата и се овозможуваат финасиски средства за установата и за осудните лица.

**61-65 Режим**

**<u>КПД Идризово</u>**

- Во однос на спроведување на третманските активности вработените во Секторот за Ресоцијализација т.н „Воспитачи“ се најважна алка во процесот на ресоцијализација на осудените лица и нивно враќање во опшеството по издржување на казната затвор, како и во процесот на обезбедување активности на затворениците, нивно работно ангажирање, нивно стручно водење во текот на издржување на казната со прогресирање на осудените лица во полиберални одделенија и третмани по дел на издржана казна затвор. Но, меѓутоа КПУ Идризово се соочува со недоволен број на службени лица за третман - воспитувачи кои непосредно работат со осудените лица  и дел од нив водат групи на повеќе од 150 осудени лица. Трендот на намалување на бројот на воспитувачи се зголемува со давање на откази од нивна страна, заради целосна демотивираност за работа, постојани физички и вербални закани од криминални структури на осудени лица, и неможноста истите тие со години да се унапредат на работните позиции како сто е пример со другите установи и управата.

Од тие причини во Планот на 2025 година побарани се 10 лица за  вработување во ресоцијализација за да истите може во КПД Идризово  вработените лица кои учествувале во изработка на програми сос Совет на Европа да ги применувааат на осудените лица согласно нивната класификација и категоризација по кривични дела. Оваа препорака би се реализирала во текот на 2025 година доколку МФ дозволи финасиски средства за вработување на затворски персонал.
Инаку во тек е проектот „Воспоставување услуги во заедницата за подршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осуденици" (2022-2025) кој е спроведуван од страна на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во партнерство со Хелсиншкиот Комитет за човекови права, Македонското пенолошко друштво и здружението ИЗБОР. За спроведување на проектот склучен е Меморандум за соработка помеѓу УИС и организациите кои го спроведуваат проектот како и Меморандум за соработка помеѓу МЗМП и Заводот за социјални дејности во врска со спроведување на активности кои се однесуваат на зајакнување на капацитетите и меѓуинституционалната соработка помеѓу судовите, казнено-поправни установи, пробациските службеници, центрите за социјална работа и другите даватели на услуги со цел ресоцијализацијата и реинтеграција на осудени и поранешно осудени лица.

Во рамките на проектот се изготвија два модули кои содржат тренинг програма за зајакнување на капацитетите на социјалните работници и останатите даватели на социјални услуги за нивно ефикасно постапување со поранешно осудени лица пред и после издржување на казната затвор со цел нивна реинтеграција и ресоцијализација во заедницата. Спроведени се и три регионални тренинзи  за

пробациски службеници, стручни работници од ЦСР, претставници од секторите за ресоцијализација од казнено-поправните установи, невладини организации и други даватели на социјални услуги. Во рамките на проектот ќе се изработи посебна програма за градење капацитети на социјалните работници во врска со обезбедување на пост-пенална помош на осудените лицата која ќе биде дел од Националната програма за социјална заштита (2022-2032).

Во периодот од јануари 2023 до септември 2023 година, во КПД Штип се спроведе пилот програма за осудени лица во последната година пред отпуст . Пилот програмата беше комбинација од програмите со кои располага казнено-поправната установа и здружението ИЗБОР со посебен фокус на лицата кои имаат проблем со зависности. Пилот програмата беше спроведена со поддршка на секторот за ресоцијализација од КПД Штип и стручниот тим(социјален работник и психолог) на здружението ИЗБОР. Програмата се состоеше од проценка на личност преку социјална анамнеза, екомапа, генограм, MMPI-тест на личност, тест за интелигенција. Потоа беше реализирана когнитивно-бихејвиорална програма за осудени лица и дополнителни интервенции и алатки за осудените лица кои имаат проблем со зависност. Програмата продолжи и во 2024 година во КПД Штип и се спроведува два пати неделно.

На 28-29 февруари 2024 во Скопје (за Скопје, Куманово, Тетово и Велес), 13-15 март 2024 во Струмица(за Струмица, Штип, Кавадарци и Гевгелија) и 03-05 април 2024 во Охрид(за Охрид, Битола, Прилеп и Струга) Реализирани се 11 индивидуални сесии за проценка од страна на социјален работник, 10 групни сесии за тестирање за проценка на личност од страна на психолог, и 11 работилници како дел од когнитивно-бихејвиоралната програма Реализирани се 11 индивидуални сесии за проценка од страна на социјален работник, 10 групни сесии за тестирање за проценка на личност од страна на психолог, и 11 работилници како дел од когнитивно-бихејвиоралната програма.

Во рамките на проектот изготвени се информативни материјали со контакти за Организации-даватели на услуги(правна помош, психосоцијална помош, помош и поддршка на лица со зависности итн) и истите се испратени до сите пробациски канцеларии, центри за социјална работа итн.

Исто така во рамките на повикот Северна Македонија: Тематска програма за човекови права и демократија 2023 – 2024, финансиран од Европска Унија, нашата организација Здружение Центар за граѓанска иницијатива Прилеп се спрведуваа активности во КПД Прилеп за да се подобри ресоцијализација на лицата кои отслужуваат затворска казна и подобрување на условите за работа.Ова невладина организација планира да започне и со активности и во Затвор Битола со цел давање на подршка на секторот за ресоцијализација на осудените лица. Во тек е координација помеѓу УИС и оваа организација заради дефинирање на активности и мерки.

Во однос на право на образование на осудените лица и вашата препорака која се однесува на воспоставување на континуирано образовен процес во КПУ, Управата за извршување на санкциите Ве известува дека согласно член 173 ст. 3 од Законот за извршување на санкции Министерството за образование и наука го организира и финансира образованието на предлог на Управата за извршување на санкции. Во моментов не се организира образовен процес во КПУ и ВПУ од причина што Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование со кој се изменува и дополнува Предлог-законот за Законот за основно образование кој е во собраниска процедура (второ читање) се предвидува дека ООУ за образование на возрасните А.С. Макаренко треба да премине во државно училиште кое ќе обезбедува настава за воспитно-образованите уставнови и Казнено поправните установи.,

Поради тоа не се реализираат активности од Стратешка цел 9 од Националната стратегија на пенитерцијарниот систем ( 2021-2025) а дополнително е тоа што претставниците на Министерство за

образование во изминатиот период воошто не земаа учество и не дава допринност за реализирање на нивните активности. Оваа е нотирано и во Извештајот од интересорска група формирана од Владатаза следење на Националната стратегија за пенитерцијарниот систем (2021-2025) при Управата за извршување на санкциите, Извештај кој во март 2024 година беше доставен до Владата на усвојување, кој се уште не е поминат на Влада.

**Точки 65- 68 (Затворски персонал и обука)**

Во КПД Идризово во однос со затворската полиција во последната година значително е зголемен бројот на припадници на затворска полиција со вработување на повеќе од 100 припадници на затворска полиција. Поради нарушената безбедносна состојба се јави потребата за вработување на уште нови припадници на затворска полиција и се превземаат мерки и активности преку годишните планови за вработување да се потполнат испразнетите места, кои постојано се испразнуваат поради откази од страна на вработените лица и пензионирања. Со цел и да се одржува ефективна контрола на безбедноста во установата од наша страна се превземаат сите активности за бројот на затворска полиција да се потполни преку огласи за вработување на нови соодветни кадри.

Дополнително, УИС изготви Анализа за потреба од вработување лица на нови припадници на затворска полиција. Притоа изготвени Планови за вработување на затворски персонал за 2025 година во кои се предвидени околу 320 припадници на затворска полиција и тоа како приоритет ставени се установите по препорака 66 од Извештајот од 2023 година:

- КПД Идризово - 148 припадници на затворска полиција и 10 службени лица за третман со цел спроведување на посебни програми за третман на осудени лица изработени од страна на Совет на Европа во насока на нивна ресоцијализација и реинтеграција во општеството.
- Затвор Скопје - 61 припадници на затворска полиција;

Плановите за вработување за 2025 година ќе бидат доставени до крај на август 2024 година до Министерство за информатичко општество за одобрување, а потоа истите ќе бидат проследени во Министерство за финасии за обезбедување на финасиски средства и давање согласност за вработување на затворски персонал во КПУ и ВПУ и УИС.

Во однос на СОП за динамична безбедност и воведување на специјални групи - интервентен вод во установите за вршење на ад-хок посети, претреси и справување со немири, Ве информираме дека на 2 април 2024 година во насока на реализирање на Активности во однос на спречување на активна и пасивна корупција во КПУ и ВПУ (Согласно стратешка цел 4 од Национална стратегија за затворски систем 2021-2025) предвидени се законски одредби за формирање на интервентен вод, обучени припадници на затворска полиција за интервеција во случај на бунт и нарушување на ред и контрола во КПУ и ВПУ.

Во тек е подготовка на ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ И РАБОТА НА ЕДИНИЦАТА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ со работна група формирана од Управата за извршување на санкциите заедно со експерт од Совет на Европа. Истиот до средина на септември 2024 година ќе биде донесен од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите. Ваква единица ќе биде формирана во КПД Идризово, а потоа во зависност од потребата ќе бидат формирани и во други установи.

Во Програмата за обука на затворски персонал како дел од почетна обука за секој припадник на затворска полиција е воведен Модул динамична безбедност притоа во текот на 2024 година оваа обука ја имаат поминато 103 ново вработени припадници на затворската полиција.

Исто така реализирани се 10 специјализирани обуки на вкупно 119 лица од затворски персонал и тоа на тема:

- за зајакнување на капацитетите на вработените лица во КПУ како прва линија за спречување на радикализација што може да доведе до насилство и обука за пост- пенална помош за рехабилитација и реинтеграција на насилните екстремисти и терористички престапници.
- Обука за борба против тортура и нехуман третман.
- Национален превентивен механизам, Европски затворски правила и улогата на Народниот правобранител во извршувањето на санкциите и други .

Дополнително во текот на 2024 година реализрани се следниве обуки на затворски персонал и вработени лица во Управата за извршување на санкциите и тоа :

- Од 10-12 и 16-18 јануари 2024 , во Центарот за тренинг и едукација, одржана е онлајн обука за базата на податоци за осудени/притворени лица . Со обуката беа опфатени вкупно 85 вработени лица и тоа: директори на КПУ/КПД/ВПД , вработени лица во матично/приемно за затворскиот дел и вработени во матично/приемно за притворскиот дел, вработени лица од пробациската служба, УИС, систем администратори (супер админстратор и администратори), припадници на затворска полиција и вработени од секторот за ресоцијализација (воспитувачи/социјални работници).
- На15,16 и 18 јануари 2024 година, од страна на Хелсиншки комитет за човекови права, одржани се три еднодневни, основни обуки за Тортура, нечовечко и понижувачко постапување и казнување и со истите опфатени се вкупно 73 лица нововработени лица во 2023 година од Затворската полиција.
- Од 22-ри јануари до 02-ри февруари 2024година, во Центарот за тренинг и едукација, реализирана е 10-та двонеделна почетна обука за нововработени лица, припадници на Затворска полиција - КПД Идризово со која беа опфатени вкупно 20 лица .
- На 15 февруари 2024 година, одржана е Тркалезна маса со САД на вкупно 31 вработени лица кои ја поминаа обуката за обучувачи во периодот од 11-ти до 22-ри декември 2023 година.
- На 26.02 – 08.03.2024 година во Центарот за тренинг и едукација, реализирана е 11-та двонеделна почетна обука на 20 нововработени лица, припадници на Затворска полиција - КПД Идризово, КПУ Битола, КПД Прилеп, КПД Штип, КПУ Скопје.
- 18-19.03.2024 година во Центарот за тренинг и едукација одржани се две еднодневни обука на тема Манипулација на вработени лица од страна на осудени лица, САД со која беа опфатени вкупно 31 вработени лица.
- На 25.03 – 29.03.2024 година во Центарот за тренинг и едукација, реализирана е 12-та еднонеделна почетна обука на 15 нововработени лица, припадници на Затворска полиција - КПД Идризово, КПУ Скопје, КПД Струга .
- На 18 и 19 март 2024 година во Центарот за тренинг и едукација,реализирана е обука на тема Манипулирање на вработени од страна на осудени лица. Обуката ја поминаа сите 31 обучувачи на Центарот за тренинг и едукација .
- На 30 и 31 мај 2024 година пробациските службеници кои се дел од работната група за односи со јавност поминаа обука за комуникација во кризни ситуации и интервју за медиуми . Обуката се одржа во рамките на планираните активниости со ИПА проектот,,Поддршка на ЕУ за владеење на правото”.
- Со подршка на Совет на европа во рамките на регионалниот проект на 10-11 Јуни 2024 година во Дојран одржана е обука на 13 членовите на мултидисциплинарни тимови за спречување на радикализација во КПУ( КПД Идризово , КПД Штип и Затвор Куманово и УИС) и обука за примена на вработени лица за брза Алатката за скриниг и алатката за проценка на ризик и потреби, индивидуална програма за рехабилитација и и за изготвување на програма пред ослободување на ранливи и маргинализирани затвореници изложени на ризик од радикализација.

- На 12-13 јуни во Попова Шапка за 7 вработени лица одржана е Обука за верско советување со подршка на Националниот комитет за борба против тероризам и насилен екстремизам и МЦМС .
- На 18.07.2024 година, во Центарот за тренинг и едукација на 4 вработени лица одржана е Обука за формирање на стручен тим за изготвување на психолошки наод и мислење.
- Хелсиншкиот комитет за човекови права на 3 јули 2024 година ја презентираше анализата на ,,Мониторингот на спроведување на Стратегијата за развој на пробациската служба во РСМ(2021-2025) " за 2023 година.
- На 21 и 22 мај сите пробациски службеници завршија дводневна обука за работа со сторители кои се зависници од дрога, алкохол и коцкање. Обуката се одржа во рамките на ИПА проектот,,Поддршка на ЕУ за владеење на правото.
- Во рамките на проектот ,,Воспоставување услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица" беа одржани три регионални обуки, во Скопје од 28.02-01.03 2024, во Струмица од 13-15.03.2024 и во Охрид од 3-5.04.2024 година. На обуките присуствуваа пробациски службеници, вработени од Секторите за ресоцијализација во Казнено-поправните установи, претставници на невладиниот сектор и Центрите за социјална работа. Посебен акцент за време на обуките беше ставен на меѓуинституционалната соработка.

**Во однос на професионализам особено е битно дека после долги години во Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите на 02.04.2024 година се имплементирани се сите одредби кои се однесуваат на професионално управување на установите и тоа одредби во кои јасно се предвидуваат на раководните позиции од категорија Б во затворска полиција да се избере или распореди лице само со унапредување, со што би се оневозможила праксата на високо раководни позиции во затворската полиција да се бираат, односно распоредат лица надвор од затворскиот систем, без искуство во истиот.**

Во однос на именувањето и разрешувањето на директорите на КПУ и ВПУ останува претходното законско решение кое беше донесено во мај 2019 година каде директорите и заменици директори од страна на Влада се именуваат по предлог на директорот на Управата, кој истовремено има право да поднесе и предлог до Владата за нивно разрешување. Оваа јасно покажува дека Управата за извршување на санкциите, поточно директорот на Управата има јасна хиерахиска поставеност во однос на директорите на КПУ и ВПУ.

**Ова е потврдено и во Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите на 02.04.2024 година, во кој не се вметнати првичните предлози Министерот за правда да дава предлог за именување и разрешување на директорите на КПУ и ВП, согласно препораката на КПТ.**

**Точка 69-71 (Корупција)**

Со цел реализирање на активности од стратешка цел 7 од Национална стратегија и во насока на спречување на корупција и несовесно работење на припадниците на зтворската полиција на 19 јули 2024 година беше извршен за првпат после 7 години вонреден надзор во ноќните часови во Затвор Скопје од страна на Директорот на Управата и службени лица, при што утврдени се неправилностиво работењето на затворската полиција и работењето на целокупната установа. За извршен надзор изготвен беше Записник и истиот со доказен материјал е доставен до Одделението за истражување и гонење на кривични дела при ОЈО согласно член 91 од Закон за извршување на санкциите и МВР за започнување на постапката против припадници на затворска полиција.

Исто така, на 31 јули 2024 година извршен е вонреден надзор во Затвор Скопје изготвен е записник за утврдени неправилности од страна на припадници на затворската полиција и директорот на установата и истиот е доставен до МВР и ќе биде проследен и до надлежното обвинителство.

Во насока на борба против корупција и зајкнување на соработката помеѓу сите инволвирани институции само во јули 2024 година новиот директор на УИС заедно со службените лица од УИС реализираа три координативни состаноци со МВР, претстставници ( истражители во ОЈО) како и состанок со Министерот за внатрешни работи и Обвинителката надлежна за постапување по член 91 од Закон за извршување на санкциите и главниот обвинител за борба против корупција особено за корупација која се однесува во КПУ и ВПУ.

Понатаму на 02.04.2024 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите и во истиот имплементирани се одредби кои се однесуваат на формирање на единици за интервенции и формирање на затворско разузнавање .На 04.06.2024 година донесен е Правилник за начинот на работат и организација на единиците за затворско разузнавање.

- Во четвриот квартал на 2024 година и во текот на 2025 година ќе следи Формирање на единици за разузнавање во Казнено-поправни домови, поточно основање на одделенија во установите согласно Правилникот за систематизација на работни места кој треба да биде дополнет со формирање на овие одделенија со предвидување на точен број на работни места и работни задачи на вработени лица во овие одделенија. ;

Понатаму како една од алатка за намалување на корупција во установите е Воспоставување на функционален ситем на видео надзор во КПУ и ВПУ (Согласно стратешка цел 4 од Национална стратегија за затворски систем 2021-2025). Поради тоа вметнати законски одредби во Закон за изменување и дополнување на Закон за извршување на санкциите ( април 2024 година) за видео надзор во КПУи ВПУ и користење на боди камери од страна на припадници на затворска полиција и директорот во установите. Изготвен е драфт верзија на Правилник за видео надзор во КПУ и ВПУ по што ќе следи Набавка на видео опрема и нејзино инсталирање во КПУ и ВПУ.

Во текот на јули 2024 година зголемена е координација помеѓу сите институции задолжени за борба против корупција и одржани се три координативни состаноци со претставници на МВР со подготвување и организација на идни чекори во борба против корупција во установите.

Понатаму се планира продолжување на реализирање на активности од План за борба против корупција (2022-2026) како и спроведување на претреси во установи со помош на интервентен водови по негово формирање, а по потреба и со асистенција на МВР или наредба на ЈО или суд во зависност од конкретен случај.

Исто така се продолжува и со обука на затворски персонал на тема справување со корупција во установите и почитување на Кодекс на однесување на припадниците на затворскта полиција и одредбите од Закононот за извршување на сакциите кој се однесува на нивните права и обврски во 2023 година вкупно 103 припадници на затворската полиција ја помина оваа обука.

**Точки 71-83 (Здравствена заштита во установите)**

Управата за извршување на санкциите и покрај тоа што здравствената заштита на осудените и притворените лица и деца е во надлежност на Министерство за здравство постојано во рамките на своите надлежности а во насока на почитување на Право на здравствена заштита и реализирање на стратешка цел 8- Зајакнување на обезбедувањето на здравствената заштита на осудените лица, вклучувајќи и во однос на менталното здравје во рамките на проектот „Борба против тортура и нехуман третман“, финансиски поддржан од Европската Унија кој се спроведува од страна на тимот на Македонското

здружение на млади правници и Хелсиншкиот Комитет за човекови права во сите казнено-поправните установи и воспитно-поправната установа овозможува бесплатна правна помош и психијатриско советување на осудени лица и деца во ВПД. Овој проект се реализира врз основа на склучен Меморандум за соработка помеѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права, Македонското здружение на млади правници и Управата за извршување на санкциите.

Во текот на имплементација на проектот обезбедени се советувања на психолог или психијатар со вкупно 121 осудени лица во сите казнено-поправни установи, од кои 9 се осудени лица.

Исто така во организација на Програмската канцеларија во Совет на Европа во Скопје е спроведена обука во јануари 2024 година на тема Обука на ментално здравје и дозирање на психијатриски лекови.

Министерството за здравство поради немањето доволно на човечки ресурси и неможност да формира централизирано одделение за сите КПУ и ВПУ направи преодно решение и формира работна група. Со решение на Министерот за здравство, на 29.12.2023 год е формирана Постојана работна група задолжена за здравствена заштита во КПУ, составена од МЗ, ФЗО и ЗД Скопје. Управата за извршување на санкциите нема податоци дали по промена на Министерот за здравство во јуни 2024 година ќе функционира оваа работна група и кои се нивни идни чекори.

Инаку при приемот на осудените лица во КПУ КПД Идризово задолжително се носат до здравствените работници од ЈЗУ Здравствен дом Скопје подрачна единица Идризово, каде се прегледуваат и се констатира нивното здравје, односно дали имаат некакво заболување или потреба од постојана терапија, и дали истите се зависници од одредени опијати или дрога. Од страна на КПУ КПД Идризово се превземаат мерки и активности здравствената проценка на новодојдените осудени лица да биде направена од здравствените работници најдоцна 24 часа по приемот на осудените лица.

Во делот на итна хоспитализација и спроведувањето на осудени лица во соодветни болнички установи е од најголем приоритет на нашата установа. Во случајот со осуденото лице Г.М КПД Идризово не можеше да му пружи соодветна грижа. Истото осудено лице беше со сериозни заболувања, и од страна на медицинскиот тим во КПУ Идризово редовно му е пружана здравствена заштита и е спроведуван во други здравствени установи на лекување. Од страна на КПУ КПД Идризово беа превземени мерки и активности за стационирање на осуденото лице во геријатриска болница, од причина што ниту една здравствена установа не сакаше да го прими и задржи. Осуденото лице непосредно по носењето во геријатриската установа почина.

Во однос на влошена здравствена состојба на осудените лица, Управата за извршување на санкциите во координација со установите согласно член 225 од Закон за извршување на санкциите предвидува директорот на УИС да одобри прекин на казна затвор во траење од 30 дена за да осуденото лице се лекува во болница доколку тоа му е потребно во некоја здравствена установата со цел непречено да ја подобри или испита својата здравствена состојба кое нешто не може да го оствари во установата каде ја издржува казната затвор.

Исто така сите осудени лица кои имаат здравствени проблеми а имаат потреба од прегледи во некоја клиника истите врз основа на упат од здравствен работник од установата или специјалист се спроведува надвор од установата на специјалистички преглед, а на негово барање и негов трошок се спроведуваат на лекување и во приватни здравствени установи.

Врз основа на ова казнено-поправните установи и УИС согласно своите надлежности го почитуваат Правото на здравствена заштита на осудените лица согласно ЗИС .

Во насока на пружање на здравствена нега на осудените лица Управата за извршување на санкциите побара од Владата на РСМ да отстапи неколку МОДУЛАРНИ БОЛНИЦИ кои се користеа за време на

пандемијата Ковид 19 на КПД Идризово каде осудените лица ќе можат да се лекуваат и да ги добиваат потребните услуги за следење на своето здравје за време на издржување на казна затвор.
Во однос на други прашања кои се однесуваат за подбрување и зголемување на број на лекари, психијатри и медицински персонал УИС нема надлежност да постапува и да дава одговор за идните чекори особено ако надлежноста како што сте информирани е во рамките на МЗ.

**Точка 83- 86 (Дисциплина)**

Во однос на дисциплински постапки Управата за извршување на санкциите секогаш води сметка и дава укажување за правилно водење на дисиплинска постапка во текот на редовните и вонредните надзори во установите.Исто така во Закон за изменување и дополнување на Закон за извршување на санкциите ( април 2024 година) како претседател на дисциплинска комисија е ставен да биде дипломиран правник со цел постапката да се води со строго почитување на одредбите од Правилникот за водење на дисциплинска постапка.

Во однос на условите на просториите за издржување на дисциплинска казна самица, директорот на Управата за извршување на санкциите даде писмена наредба со која ги задолжи директорите на установите веднаш да превземат мерки за подобрување на условите во иститево сите установи со цел почитување на достоинството на осуденото лице согласно препораките на КПТ.

Исто така на сите осудени лица кои издржуваат дисциплиска казна - самица им се обезбедува најмалку еден час/два дневно вежбање на отворено и контакт со своето семејство.

**Точка 86-89 (Примена на средства за присилба)**

Со целосно почитување на примена на средства за присилба, Управата за извршување на санкциите постојано дава укажувања за начин на примена на средства за присилба врз осудените лица од страна на припадниците на затворската полиција Ве известува дека согласно Стратешките цели 4 и 7 од Националната стратегија за развој на пенитенцијрниот систем на Р.С.Македонија, се реализирани обуки кои се предвидени со Годишниот план за обуки. Во текот на 2024 година вкупно 103 припадници на затворската полиција поминаа обука за примена на средства за присилба ,а исто така од страна на Хелсиншки комитет за човекови права, реализирани три еднодневни, основни обуки за Тортура, нечовечко и понижувачко постапување и казнување. Затворска полиција. Вкупно 73 лица.

**Точки 89-92 (Контакт со надворешен свет)**

Управата за извршување на санкциите, Ве информира дека осудените лица согласно законските и подзаконските акти имаа право на посета согласно член 197 од Закон за извршување на санкциите и тоа осуденото лице има право на две посети во текот на месецот од членовите на неговото потесно семејство во смисла на овој закон, а по одобрение на директорот на установата, можат да го посетуваат и други лица.
Исто така осудените лица согласно третманската група може да користи и погодности надвор од установата, поточно да остварува контакт со своите семејство преку викенд отсуства, 7 часа или 4 часа да излегува надвор од установата со што на осудените лица согласно Правилникот за куќен ред на осудени лица им се овоможува почесто да оставруваат контакт со надворешниот свет.
Во КПД Идризово просториите за посета се реновирани со цел подобрување на условите за престој на посетителите да бидат на задоволително ниво. Посета од страна на семејствата се врши во посебна просторија со маси и столови. Напоменуваме дека посетите се временски ограничени поради големиот

број на осудени лица кои издржуваат казна затвор во КПД Идризово, и заради можноста правото на посета да го остварат сите осудени лица.
За притворените лица, доколку судијата на претходна постапка смета дека има потреба за повеќе од две посети и интензитетот на истите, изготвува решение, по кое установата постапува без исклучок и дозволува посета на притворено лице.
Во однос на телефонирање информираме дека во овој дел значително има подобрување и на осудените им се овозможува користење на телефон за комуникација со семејствата.Имено во целост се спроведуваат одредбите од куќниот ред за осудени лица, па така секое осудено лице кое има отворен и полуотворен третман има постојан пристап до телефон без надзор од службено лице, додека на осудените лица со затворен третман им се овозможува пристап до телефон секој ден под надзор. За притворените лица пристапот до телефон го регулира повторно судија на претходна постапка. По негов налог, а по барање на притворено лице, им се овозможува телефонски повик, во присуство на службено лице.

**Точка 92- (Постапки за поплаки)**

Сите осудени лица кои се упатени во КПД Прилеп уште при приемот во установата се информирани (во најголем број случаи) за тоа како да поднесат поплаки за повреда на некои право или несоодветно постапување од затворски персонал. Во сите установи има кутија на Народен првобранител кој истат ја отвара само тој , односно службени лица од неговата канцеларија.

Во Затвор Скопје осудените и притворените лица во установата имаат пристап до кутии за поплаки поставени од Народен правобранител, до кои пристап има само тој и ги отвара еднаш во неделата. За секоја друга забелешка, поплака, сугестија, осудените лица се обраќаат до службено лице за третман - воспитувач, како и до Директорот, доколку за тоа има потреба. Притворените лица, своите забелешки ги нотираат на барања, молби, поплаки, кои преку припадниците на затворската полиција се процесуираат до Заповедникот, Директорот, со цел надминување на истите.

Понатаму во КПД Идризово има вработено лице правник кој им дава бесплатна правна помош на осудените лица и можност за поднесување на некој акт до надворешните институции.

Исто така осудените лица имаат право да поднесуваат и усна поплака до Управата за извршување на санкциите и често во изминатот период и самите се јавуваат и пријавуваат поплаки во однос на некое повредено право или пак некоја друга поплака. Врз основа на тоа службените лица од Управата вршат вонредни надзори и разговараат со самите осудени лица со цел проверка и основаноста на поплаката.

УИС во текот на надзорите редовно проверува дали осудените лица и децата се запознаени со унифицирани обрасци (барања) за поднесување на приговори од страна на осудените лица до директорот на установата и до директоротна УИС. Но, мора да се наведе дека овие обрасци и покрај тоа што беа воведени и изготвени од ОБСЕ многу малку се користат од страна на осудените лица и деца.

**Точка 93 (Инспекциски надзор)**

Во однос на оваа точка, Управата за извршување на санкциите во рамките на проектот со Совет на Европакој е во тек започна активност за реализирање на стратешка цел Стратешка цел 2. во делот на 2.2 Зајакната надзорна улога на УИС врз работењето на КПУ и ВПУ.

Имено екипирани се двете одделениеја за вршење на надзор во КПУ и ВПУ и тоа одделение за стручен надзор на безбедност во КПУ и ВПУ и одделение за стручен надзор на третман во КПУ и ВПУ.

Понатаму формирана е работна група за изготвување на унифицирани алатки за вршење на надзор, ревидирање на Прирачник за вршење на надзор од 2015 година и Правилникот за стручен надзор

во КПУ од 2020 година. Реализирани се два состанока со меѓународен експерт и членови на работна група од УИС и КПД Штип и КПД Идризово, а во јуни 2024 година беше спроведена еднодневна мисија во КПД Штип со експертот кој вршеше мониториг на спроведувањето на вонредниот надзор од страна на службени лица од Управата. Надзорот беше мониториран цел давање на конкретни насоки на службените лица во делот на вршење на надзорот со цел истиот да биде на високо ниво и согласно меѓународните стандарди. Изготвен е Извештај од страна на експертот и во текот на четвртиот квартал на 2024 година ќе се одржи работна средба на која ќе бидат дефинирани сите отворени прашања и ќе бидат ревидиран Правилникот за вршење на надзор од Управата.

Со тоа целосно се очекува да биде унапреден начинот на вршење на надзорот на службените лица од Управата кои вршат надзор со цел давање на препораки и писмени наредби од директорот на УИС до директорите заради отстранување на неправилности и нерегуларности во работењето на установата и затворскиот персонал.

**Точка 95-114 (ВПД Тетово)**

Согласно член 366 ст.1 од ЗИС во Воспитно-поправен дом не е дозволено примена на посебна мерка за одржување на ред и дисциплина – самица. Во однос на забелешката дека дел од персоналот носел палка во установта, согласно член 366 ст.2 од ЗИС за потешки повреди на редот и дисциплината, како и Куќниот ред на установата, децата се издвојуваат во посебни соби за деца, во траење од пет до седум дена, во кој период стручниот тим презема посебни корективни активности со децата. Постапувањето со децата кои се издвоени во посебни соби е регулирано со Упатство за издвојување во посебна соба за деца, донесено од страна на Директорот на ВП дом врз основа на член 366 ст.4 од Законот за извршување на санкциите.

Врз основа на член 7 од Упатство за издвојување во посебна соба за деца, за децата издвоени во посебна соба се изработува посебна програма за засилен третман од страна на стручниот тим. Согласно член 4 од Упатство за издвојување во посебна соба, детето додека е издвоено во посебна соба не смее да биде лишено од своите основни права како што се посетите и разговорите со законски застапник, правото на допишување, телефонирање, посети, примање пратки, семеен контакт, храна, вода, облека, образование, прошетка на свеж воздух или значаен дневен контакт со другите лица.

Во однос на препораката персоналот за безбедност, кој е во директен контакт со деца, да не носи палки, одговорните во Воспитно-поправен дом ќе преземат чекори во насока на обезбедување на шкаф кој ќе биде кај одговорниот на затворска полиција-новопоставениот Овластен командир на затворска полиција каде што ќе бидат заклучени сите гумени палки кои ги должат припадниците на затворска полиција, истите ќе бидат под клуч Задожително ќе се почитува препораката гумените палки да не се носат на појас.

Со наредба на Министерот за правда бр.02-2504/1 од 30.10.2020 година, децата кои издржуваат мерка Упатување во воспитно-поправен дом 03.11.2020 година се преместени од КПУ Затвор Охрид во новоизградениот објект на Воспитно-поправниот дом во с.Волковија,општина Брвеница. Се работи за комлетно нов објект, со површина од околу 16.000 м2, ограден со безбедносна жичена ограда, затекнат со веќе воспоставена статистичка безбедност (решетки, врати, огради, камери и слично) и не е направено никакво дополнително зголемување на таа инфраструктура.

Во однос на оваа препорака, истата ќе биде разгледана од страна на УИС и ВПД Тетово и ќе се направи проценка дали со отстранувањето на решетките нема да се намали степенот на безбедност.

Во контекст на оваа препорака, во периодот од четири години, откако се функционира во новиот објект на ВПД на новата локација се евидентирани само 10 самоволни оддалечувања на децата, со

прескокнување на жичаната ограда, а ниту едно класично бегство од места и простории каде има решетки, прозори, врати и слично.

Преглед на самоволни оддалечувања по години и тоа : 2021- 0,2022-3,2023- 3 и во текот на 2024 до 31.07.2024- 4 самоволни оддалечувања

Во однос на Образование согласно член 173 ст. 3 од Законот за извршување на санкции Министерството за образование и наука го организира и финансира образованието на предлог на Управата за извршување на санкции. Во моментов не се организира образовен процес за штитениците во ВП дом, од причина што Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование со кој се изменува и дополнува постојниот Закон за_основното образование со цел регулирање на воспитно-образовниот процес во воспитно-поправните и казнено-поправните установи, се уште не е донесен и се наоѓа во собраниска процедура. Целта на Предлог Законот е регулирање на образованието во воспитно-поправните установи и надминување на препораките дадени во извештајот за напредокот на земјата во делот на човековите права. Се предвидува со измените на Законот за основно образование да се обезбеди континуиран образовен процес за деца во воспитно-поправните, чие образование ќе се заврши со документ за завршено формално основно образование-сведителство.

Согласно предвидените измени основното образование во ВПУ ќе се реализира по посебен наставен план и наставни програми, а го реализира училиштето кое има верификација за основно образование за деца во ВПУ. Согласно Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование основното општинско училиште за образование на возрасни "Антон Семјанович Макаренко" станува државно училиште за образование на возрасни и штитеници во воспитно-поправни установи, а сопственоста на училишниот објект и имотот на општинското основно училиште ги презема Владата.

Одговорните на ВПД Тетово се подготвени во целост да ја имплементираат измената во законот и да дадат целосна поддршка во обезбедувањето на континуиран образовен процес во установата.

Согласно член 182 ст.2 од ЗИС на децата во ВПД Тетово здравствена заштита им укажуваат здравствени работници што вршат примарна здравствена заштита и тоа вработени во Здравствен дом Тетово. Лекар-двапати во неделата по 2 часа, по потреба и на повик и медицинска сестра од понеделник до петок од 8-16 часот.

Во рамки на проектот "Јакнење на капацитетите на пенитенцијалниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Р.С. Македонија" Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-22 на Совет на Европа, Министерството за здравство во соработка со Управата за извршување на санкциите, има усвоено Стандардни оперативни процедури за ефикасно обезбедување на здравствената заштита во КПУ и ВПУ арх.бр.22-1234/1 од 27.01.2023 година. Во истите е предвидено и начинот на давање на здравствена заштита на децата и постапувањето со истите од страна на здравствените лица. Според СОП-от здравствените контроли се предвидени да се прават веднаш по приемот, за да се документира тековната здравствената состојба, како и да се идентификува и интервенира според потребите кои потекнуваат од однесување ризично по здравје. Ова оценување треба да даде основа за постојан здравствен план, каде се опфаќаат опортунистичките интервенции како што е имунизацијата, сексуалните, менталните и забарските клиники, односно оние ја надминуваат примарната здравствена заштита.

Одговорните на ВПД Тетово постапуваат по насоки кои ги даваат здравствените лица кои пружаат здравствена заштита и нега. Во однос на имунизацијата и вакцинацијата, даваат логистичка поддршка при реализацијата на секоја медицинска интервенција, која е во надлежност на Министерството за здравство.

УИС со ургенции до Министерството за здравство децата целосно да бидат вклучени во националната програма за вакцинација.

Клиничката болница Тетово – Одделението за психијатрија не располага со соодветен кадар – психијатри и психолози кои се специјализирани за менталното здравје кај деца и млади и постапување со деца кои имаат проблеми со менталното здравје. Од тие причини во 2021 било упатено барање до Министерот за здравство и Директорот на ЈУ Клиника за психијатрија-Скопје со цел да обезбедат постојани психијатриски прегледи од детски и младински психијатар. Од надлежните и посочените нема никаков одговор. Решението е најдено во обезбедувањето на психијатриски преглед преку системот "Мој термин", закажувајќи преку нивниот избран матичен лекар.Закажувањето оди со потешкотии од причина што на Клиниката за Психијатрија-Скопје останати се само уште двајца (2) детски и младински психијатри кои вршат психијатриски прегледи на деца и млади од целата држава.

Во делот на дисциплиска постапка, согласно Законот за извршување на санкциите, Куќниот ред на установата и Упаството за дисциплинска одговорност за сторена дисциплинска повреда на детето може да му се изрече некоја од следниве дисциплински мерки:

- Опомена
- Јавна опомена
- Ограничување на доделување на погодности до три месеци
- Упатување во посебна соба

Дисциплинска казна – самица не се применува, туку само за потешки повреди кои предизвикале сериозни нарушувања на редот и дисциплината во домот, се изрекува дисциплинска мерка- издвојување во посебни соби за деца.

Во Домот постојат три определени посебни соби за деца кои се опремени со кревет, постелнина, маса, столче, ормарче, санитарен јазол со цел одржување на_личната хигиена, чиста вода за пиење, дневна светлина, а во зима и греење, заштитени прозорски стакла.

Врз основа на член 7 од Упатство за издвојување во посебна соба за деца, за децата издвоени во посебна соба се изработува посебна програма за засилен третман од страна на стручниот тим кој интензивно работи со детето, на причините за сторување на дисциплинскиот престап и можноста од корекција на манифестираното однесување. Согласно член 4 од Упатство за издвојување во посебна соба, детето додека е издвоено во посебна соба не е лишено од своите основни права како што се посетите и разговорите со законски застапник, правото на допишување, информирање, телефонирање, посети, примање пратки, семеен контакт, храна, вода, облека, образование, прошетка на свеж воздух или значаен дневен контакт со другите лица.

Во текот на 2024 година, заклучно со 06.08.24 година изречени се 20 дисциплински мерки – Упатување во посебна соба. Комисијата за изрекување на дисциплиснки мерки прави напори да изрече друга дисциплинска мерка секогаш кога и да се исполнети дури и најминималните услови за тоа.

Надлежните на ВПД Тетово настојуваат и ќе вложат дополнителни напори за целосно спроведување на СОП-от за соодветна примена на средства за присилба и соодветно евидентирање на времетраењето и оправданоста на нивната примена.

Во делот на коресподенција и комуникација надлежните на ВПД Тетово согласно ЗИС и Законот за правда на децата води редовна и навремена писмена комуникација со надлежните судии за деца. Согласно Законот за измена и дополнување на Законот за извршување на санкциите, член 366-а, Директорот на воспитната установа е должен на секои шест месеци или кога надлежниот суд или Центарот

за социјални работи тоа ќе го побара да го извести за успехот во примената на воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом.

Согласно член 51 ст.2 од Законот за правда на децата при постапка за измена, повторно одлучување и запирање на воспитните мерки, судот прибавува извештаи од воспитната установа во која детето ја издржува заводската мерка. Имено не постои законска одредба со која надлежните судии за деца ќе бидат задолжително обврзани да извршат посета на децата на кои изрекле заводска воспитна мерка- Упатување во воспитно-поправен дом. Во наредниот период ова прашање ќе биде отворено за дискусија со претставници на Министерството за правда за да се иницираат законски измени со кои ќе се предвиди задолжителна посета на надлежните судии на ВП дом Тетово доколку за тоа има подршка и волја од страна на судската власт која е независна во нејзиното постапување.

**Психијатриски болници (Министерство за здравство)**

Во однос на препораките од КПТ кои се однесуваат на користење на несоодветни средства за фиксирање (метални синџири и катанци), известуваме дека ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар постапи по забелешките од КПТ за употреба на средствата за рестрикција. Склучен е Договор за јавна набавка на стоки –Каиши за хумана фиксација и набавени се појаси за хумано врзување.
Притоа строго се почитуваат протоколите за фиксација.

За изолацијата на пациентите и нивната тераписка фиксација известуваме дека истата се врши согласно протокол за фиксација. При изведувањето на тераписка фиксација водечки елементи се потребата од заштита на пациентот и средината од евентуално агресивно и деструктивно поведение. Пациентите кои се фиксирани истовремено се и изолирани од други пациенти во соби за изолација, со цел за нивна заштита- врз нив се врши редовен мониторинг односно надзор на изолиран пациент и се води листа за тераписка фиксација со настојување временскиот дел на фиксацијата да биде што е можно пократок. ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар известува дека се направени и две нови соби за изолација.

Исто така, преземени се чекори за подобрување на материјалните услови во Форензичкиот оддел при ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, при што е извршена санација на тоалетите и реновирана е бањата во форензичкото одделение.

Во врска со забелешките на КПТ кои се однесуваат на Продолжениот дел за судска психијатрија (неформално одделение за издвојување), за кој што беа упатени најголем дел од забелешките, истиот е затворен поради неможноста да се обезбеди доволно персонал за работа. Пациентите се префрлени на Одделот за судска психијатрија.

Во однос на обезбедување на персонал во Психијатриските болници Демир Хисар и Скопје, во тек е проект за вработување на приватните специјализанти и со Одлука на Владата, до крајот на годината ќе се вработат 300 специјализанти од различни области. На јавниот повик, кој го распиша Министерството за здравство, пријавени се 23 доктори кои се на специјализација по психијатрија. Со вработување на докторите, ќе се надомести дефицитот на кадар, секаде каде е потребно.

**<u>Специјален завод за лица со ментална попреченост во Демир Капија (Министерството за социјална политика</u>**

Ј.У. Специјален Завод Демир Капија/ Нов објект кој што беше изграден и кој што делумно се користеше во периодот на Ковид 19, во моментов е празен со цел до крајот на декември 2023 година да се вселат корисниците во него, со оглед на подобрите услови и новите простории во него. Сепак, во однос на корисниците од одделението Ц, постои се уште резерва за преселба во новите објекти од страна на раководството на објектот односно постои страв од брзо уништување и пропаѓање на објектот, со оглед на видот и степенот на попреченоста и однесувањето на овие корисници до сега. Истовремено, укажано е на Ј.У. Специјален Завод Демир Капија дека тоа преставува нееднаков третман во однос на останатите корисници и затоа во овој дел им е наложено да се направи план за начинот на нивно преместување. Процесот на деинституционализација е завршен во Март 2023 со што во објектот се сместени 57 корисници со тешка и длабока интелектуална попреченост. Проблемот е што од 57 корисници кои што се сместени во установата, 22 имаат старатели, а на 13 им е одземена деловната способност. Вкупно 25 корисници се без старатели, а деловната способност не им е одземена со единствена причина што трошоците се многу високи за самата држава.

Преземени се мерки за зголемување на тимот од психијатри, медицински сестри, психолози, социјални работници и останат персонал како надворешни соработници во Заводот, за да може целокупната грижа за корисниците да биде на повисоко и позадоволително ниво.

Со цел справување со проблемот на хроничниот недостаток на персонал, во Заводот се нововработени: 4 негуватели, 2 медицински сестри и 1 главна медицинска сестра на неопределено време, како и 4 негуватели, 1 дефектолог и 1 физиотерапевт.

Преземени се реконструктивни зафати во дел од критичните санитетски јазли во двете згради во кои што се сместени корисниците, како и на дел од кровната конструкција на една од зградите. Со санирањето на протекувањето на кровот (за да се спречи оштетувањето на електричната инсталација), се отстранети главните критични точки по однос на здравјето и безбедноста на корисниците.

Со финансиска поддршка од страна на Канцеларијата на УНДП во Скопје е ангажиран тим од петнаесет лица за поддршка на работата со над 60 од возрасните лица, со цел нивно осамостојување и подготовка за живеење со поддршка во заедницата.

Во соработка со Министерството за здравство во континуитет се организираат систематски прегледи на корисниците од повеќе специјалисти (невролози, физијатри и гинеколози) кои даваат насоки и препораки за подобрување на здравствената состојба на постојните корисници, како во установата, така и во малите станбени единици за самостојно живеење со поддршка.

Во подготовка е партиципативната подготовка на План за трансформација на установата, водена од меѓународни експерти преку IPA Програмата. Изработката на плановите е во почетна фаза, со што ќе се утврди идната улога на сегашниот Специјален Завод и видот на (нерезиденцијални) услуги кои што истиот ќе ги испорачува во рамките на постојниот систем за социјална заштита.

Направен е премер пресметка за позначајни реконструктивни зафати во двете згради во кои што се сместени преостанатите корисници, кои што вклучуваат позначајни реконструктивни зафати во делот на: санитариите, подот, кровната конструкција и молерисувањето. Проценетата вредност на работите изнесува над 110.000,00 евра. Зафатот се очекува да заврши во третиот квартал на 2024 година. Со строгото придржување до мораториумот за прием на нови корисници и преселбата на децата-корисници во мали групни домови, бројот на корисници сместени во Ј.У. Специјален Завод Демир Капија се намали на вкупно 57 корисници со тешка и најтешка интелектуална попреченост, кои што периодично се преместуваат во Одделот наречен Депанданс.